РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-376/9
15-11-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 4 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10 – та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

**ОДЛУКА**

Предметот со бр.09-376/1 од 24.01.2024 година, оформен против лицето ___________, член на Училишен одбор на ОУ _________, член на Советот на _______________ и член на Управниот одбор на _________________, **СЕ ЗАПИРА.**
ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.
Оваа одлука во деперсонализирана форма се објавува на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Предметот со број 09-376/1 од 24.01.2024 година е оформен по сопствена иницијатива, со наводи дека лицето _______________ извршува повеќе функции истовремено, ДКСК направи увид во поднесениот Образец Изјава на интереси од страна на лицето ____________ со број 09-3101/1 од 30.06.2023 година, по што утврди дека истата истовремено ја врши функцијата член на Училишен одбор во ОУ ___________, покрај тоа истата е избрана и именувана од страна на Владата на РСМ како член на Советот за ____________ со Решение за разрешување и именување членови на Советот _______________ од 04.08.2021 година, како и дека е именува за вршење и на функција член на Управниот одбор на ____________________ со Решение за разрешување од должноста членови и именување на членови на Управен одбор на ___________________ од 04.10.2022.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Констатираната состојба е спротивна на член 44 став (4) од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси што претставува прекршок казнив по член 105 став 1 алинеја 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси.

Поради наведеното, ДКСК се обрати до лицето ____________ во врска со тоа дали сè уште ги извршува горенаведените функции и доколку ги извршува/има престанок во прилог да ги достави актите за избор (именување или назначување) / актот за престанок.

Лицето ____________ достави писмен допис со кој што ја известува дека повеќе не ја извршува функцијата член на Училишниот одбор ОУ ____________ и во прилог достави Одлука за престанок на мандатот на претставник од Советот на родители во Училишен одбор број _______ од 22.02.2024 година. Во прилог на дописот истата достави акт Решение за разешување и именување на Советот за ____________ од 04.08.2021 и акт Решение за разрешување од должноста членови и именување на членови на Управен одбор на ____________________ од 04.10.2022 каде што на двете функции е избрана и именувана од страна на Владата на РСМ а по предлог на _______ комора на РСМ.

Согласно наведеното, ДКСК констатира дека од страна на лицето ____________ е сторен прекршок, по што согласно Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија", бр.96/2019) состави Записник за констатиран прекршок и беше понудена постапка за порамнување со издавање на Прекршочен платен налог. Во врска со понудената постапка за порамнување, именуваната во законски определениот рок до ДКСК достави уплатница за платена глоба по издаден прекршочен платен налог.

Во законски предвидениот рок, _____________ ја извести ДКСК со допис 09-376/6 од 22.05.2024 година со доказ ПП 50 за уплата на глобата во износ од 9.225,00 денари.

ДКСК со допис 09-376/7 од 09.07.2024 година до именуваната достави Укажување со кое и беше укажано дека констатираната состојба на повреда на ограничувањето за вршење на дејноста за време на вршење на функцијата може да ја надмине единствено доколку се откаже од извршување од една од двете функции член на Советот на ___________ или член на Управниот одбор на Центар _____________ и дека е потребно до ДКСК да достави соодветен доказ во рок од 15 дена по приемот на дописот. Именуваната до ДКСК со допис 09-376/8 од 15.07.2024 година достави Копија од барање за разрешување од должноста член на Советот ______________________ со кое бара од Владата на Република Северна Македонија да биде разрешена од истата функција на кое има приемен печат од Владата на РСМ на ден 15.07.2024 година.

По доставениот Записник за констатиран прекршок и прекршочен платен налог, поради констатирани повреда на одредби од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси, службеното лице изврши уплата на предвидената глоба, по што ДКСК нема елементи за натамошно надлежно постапување.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Татјана Димитровска**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изготвил: м-р Б.К – виш соработник
Контролирал: К.З – раководител
Одобрил: м-р Б.Ш.К. – член на ДКСК